Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 11.02.2021

На 10.02.2021 во 10.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода И.К.(27) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.02.2021 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар лишиле од слобода 17 - годишник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана, електронска вага и ризли. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.02.2021 во 20.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Карпош ги лишиле од слобода Е.Џ.(47), Х.С.(49) и А.Ј.(43), сите од Косово и Р.С.(51) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба", по член 236 од Кривичниот законик. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.02.2021 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Трубарево го лишиле од слобода О.Б.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана) кај него биле пронајдени марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.02.2021 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Сарај го лишиле од слобода С.И.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.02.2021 полициски службеници од ОВР Радовиш спровеле акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, при што биле откриени 7 прекршоци. При контролата биле констатирани и 9 останати прекршоци. Истиод ден, на подрачјето на ОВР Гевгелија полициски службеници спровеле акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени 17 прекршоци по акциската контрола и 11 останати прекршоци. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 10.02.2021 на ул.„Маршал Тито", на влезот во Тетово, полициски службеници спровеле акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената во населено место. Притоа, биле откриени и законски санкционирани 55 прекршоци и на сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, на гостиварското подрачје била спроведена контрола за техничка исправност на возилата учесници во сообраќај, во која биле откриени и санкционирани 4 неисправни возила (даде правоен неисправност на сопирачките, а две со истечена сообраќајна дозвола). При ова активности, исто така, биле откриени и 3 возачи кои управуваше возило без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, а откриени биле и 6 непропишо паркирани возила. На сите прекршители им биле изготвени соодветни поднесоци.

На 10.02.2021 на подрачјето на Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои возат побрзо од пропишаната брзина, при што биле регистрирани 14 прекршоци. Против овие лица ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 10.02.2021 во 08.10 часот било пријавено дека на крстосница од ул. „Васил Ѓоргов" и ул.„Шарски одред" во Скопје, патничко возило „фиат типо", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(65) од Скопје, удрило во пешакот Б.Т.(35) од Скопје. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.02.2021 во СВР Битола било пријавено дека работник од ЈП„Комуналец" од Битола, при извршување работни задачи под Тумбе Кафе, пронашол граната од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување граната била безбедно подигната, при што било констатирано дека станува збор за стара неиспукана артилериска граната со калибар од 75 мм.

На 10.02.2021 во 17.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, З.П.(64) од Скопје пријавила дека на ул.„Михаил Чаков" била касната од куче скитник.

Денеска на граничниот премин „Деве Баир", при контрола во автобус на туристичка агенција од Скопје, полициски службеници од Одделот за гранични работи и миграции откриле 30 ПЦР тестови за ковид-19, за кои постои основано сомнение дека не се валидни, односно дека не се издадени од овластена медицинска установа. Тестовите биле приложени од патниците и по направени дополнителни проверки, биле одземени. Од слобода биле лишени двајца албански државјани и биле изведени пред Судија на претходна постапка. За останатите 28 патници - македонски државјани ќе бидат направени дополнителни проверки и против нив ќе бидат поднесени пријави до Основното јавно обвинителство по член 206 и член 378 од Кривичниот законик.

На 10.02.2021, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода А.Х.(35) и С.А.(23), двајцата од Куманово, затоа што околу 20.00 часот на ул.„Братство Единство" во Куманово физички ги нападнале Б.Б.(35) од Скопје и Ш.Б.(29) од с.Матеје, општина Липково. При нападот А.Х. и С.А. користеле остар и тврд предмет и им нанеле повреди на Б.Б. и Ш.Б., констатирани во болницата во Куманово. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.02.2021 во 19.40 часот во СВР Скопје, Е.У.(36) од Скопје пријавил дека во с.Јурумлери, скопско, неговиот син бил физички нападнат од Н.Б.. Сочинет бил записник по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 10.02.2021 во 12.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.М.(46) и Р.Г.(36), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ф.А.(28), Е.А.(37) и С.Б.(27), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „разбојништво". Пријавените со закана над вработените во спортска обложвалница на ул.„8 Септември" и аптека на бул.„Видое Смилевски Бато" на 31.01.2021, односно на 01.02.2021 одзеле пари. По преземени мерки, полициски службеници ги лишиле од слобода пријавените Е.А и Ф.А., а биле пронајдени и украдените пари.

На 10.02.2021 во 13.20 часот во СВР Скопје, Ј.Е.(45) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Е.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ф.А.(31) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.06.2020 во Струга, полициски службеници извршиле преглед над Ф.А., при што пронашле и одзеле марихуана.

На 10.02.2021 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Студеничани, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Б.(42) и С.Ш.(53), двајцата од с.Студеничани, при што С.Ш. употребил остар предмет и му нанел повреди на С.Б., констатирани во комплексот клиники „Мајка Тереза". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.02.2021 во 09.30 часот во Полициската станица Неготино, од Итна медицинска помош било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен П.Д.(43) од с.Долни Дисан, неготинско. Според пријавеното, П.Д. се повредил со ловечка пушка додека го напасувал добитокот во атарот на селото. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Неготино. Од домот на П.Д. за понатамошна постапка биле подигнати ловечка пушка „Баикал" калибар 16мм и дозвола за оружје и ловечка легитимација, двете на негово име. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2021 во СВР Велес, М.С.(22) од Велес пријавил дека на на ул.„Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 10.02.2021 околу 16.30 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Музеј на град Скопје, при извршување работни задачи, починал Б.Ј.(58) од Скопје, вработен во приватна фирма. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а увид на местото извршила екипа на СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено за одбукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.Н.(68), раководител на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина во општина Крива Паланка, А.А.(59), поранешен градоначалник на Крива Паланка и А.А.(68), овластен градежен инспектор во општина Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Д.Н. изготвил решение со кое на друштво за телекомуникации од Скопје се одобрува изградба на линиска инфраструктурна градба за поставување на канали за телекомуникациски водови и оптички кабел во Крива Паланка, кои биле одобрени од А.А.(59), а се извршуваше работи за измена на траса на веќе изградена градба на релација од граничен премин „Деве Баир" до Граничен премин „Кафасан", со Одобрение за градење од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, а не за нова градба. Со дејствата му овозможиле на инвеститорот да склучи договори со друг изведувач од Скопје за износ од 1.941.381 денари. По завршувањето на работите, од нарачателот на изведувачот биле исплатени само 865.198 денари од вкупниот износ, со што му била нанесена штета во износ од 1.076.183 денари. А.А.(68) на 22.09.2016, како при инспекциски надзор констатирал дека новиот крак од објектот е поврзан на постоечкиот линиски инфраструктурен објект, писмено го известил Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам Скопје дека инвеститорот ја поседува потребната техничка документација. Пријавените, покрај нанесената штета на изведувачот, наневе и штета на ЈП за Државни патишта со поставувањето на оптичкиот кабел на магистралниот пат Крива Паланка-Куманово и овозможиле на правно лице, сопственост на А.А.(59) да ги користи услугите од поставените канали за телекомуникациски водови и оптички кабел.

На 10.02.2021 во 11.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, У.Ф.(50) од Скопје пријавил дека од домот се одалечил Д.И.(12). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.02.2021 СВР Скопје - Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против С.И.(45) од Скопје, поради основано сомнение дека сторил кривично дело „предизвикување општа опасност" предизвикано и казнливо по чл.288 од Кривичниот законик, со кое причинил штета од околу 6.000 евра. Истиот ден околу 04.30 часот во с.Сарај, поради нерасчистени семејни односи, пријавениот С.И. предизвикал пожар во патничко возило „голф 5", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.А.(25), при што возилото било во целост опожарено.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривични пријави против Л.Ѓ.(58), сопственик на угостителски објект и Д.Ѓ.(43) од с.Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25.12.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од ОВР Струга, во содејство со Државен пазарен инспекторат Струга, извршиле контрола на угостителскиот објект, при што било констатирано непочитување на работното време, како и присутни лица, меѓу кои и пријавените, кои не ги почитувале мерките за заштита.

На 11.02.2021 околу 01.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Мавровска" настанал пожар во возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.П.(21) од Скопје, а било зафатено и возило „фиат пунто". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет